Измена на А-интегрирана еколошка дозвола

Име на компанијата

Живинарска фарма Живино-пром ДООЕЛ Штип

Адреса Ул. Рибник бр. 100,
2000 Штип

Број на дозвола 11-2780/14

Содржина

Содржина 2

Речник на користени поими 3

Вовед 8

1 Инсталација за која се издава Дозволата 21

2 Работа на инсталацијата 22
2.1 Техники на управување и контрола 22
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) 23
2.3 Техники на работа 24
2.4 Заштита на подземните води 19
2.5 Ракување и складирање на отпадот 33
2.6 Преработка и одлагање на отпад 34
2.7 Енергетска ефикасност 35
2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија 35
2.9 Бучава и вибрации 36
2.10 Мониторинг 36
2.11 Престанок на работа 38
2.12 Инсталации со повеќе Оператори 38

3 Документација 39

4 Редовни извештаи 29

5 Известувања 42

6 Емисии 43
6.1 Емисии во воздух 43
6.2 Емисии во почва 45
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) 46
6.4 Емисии во канализација 46
6.5 Емисии на топлина 47
6.6 Емисии на бучава и вибрации 47

7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води 48

8. Услови надвор од локацијата 49

9. Програма за подобрување 51

10. Договор за промени во пишана форма 38

Додаток 1 57

Додаток 2 40

Речник на користени поими

Аеросол	Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум.
Атмосферска вода	Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите
Барање	Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа Дозвола
Би-годишно	Цел или дел од шест последователни месеци
БПК$_5$	Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена
ВОЈ	Вкупен Органски Јаглерод
ГИЖС	Годишен извештај за животна средина
Годишно	Приближно во интервали на 12 месеци Период или дел од период од 12 последователни месеци
Градежен отпад и отпад од рушење	Отпад што потекнува од градење, реновирање и рушење: глава 17 од националниот каталог на отпади или како што е договорено на друг начин.
Гранични вредности на емисија	Оние гранични вредности на емисија кои се дадени во Поглавје 6 од оваа Дозвола
Граница за масен проток	Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстација што може да биде емитирана во единица време.
ГХ/МС	Гасна хроматографија / Масена спектрометрија
dBA	Децибели
Двегодишно/ биенално	Еднаш на секои две години
Ден	Секој период од 24 часа
Дневно	За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат; со најмалку едно мерење во било кој еден ден.
Дневно време	Периодот од 08.00 до 22.00 (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за ноќно време).

Договор	Писмен договор
Документација	Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација или друг документ во пишана или електронска форма кој се бара со оваа Дозвола.
Еколошка штета	Согласно дефиницијата за еколошка штета во член 5 точка 51 од Законот за животна средина
ЕС	Електро-спроводливост (μС/см)
ЕФТ	Еквивалентен Фактор на Токсичност
Индустриски не опасен отпад	Согласно дефиницијата за индустриски неопасен отпад" во член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.
Инсталација	Согласно дефиницијата за инсталација од член 5 точка 35 од Законот за животна средина: - во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето; - во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објектите, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата.
ИСКЗ	Интегрирано спречување и контрола на загадувањето
Инцидент	(а) итен случај; (б) секоја емисија што не е во согласност со условите од оваа Дозвола; (в) секое ниво, дадено во ова Дозвола, а е достигнато или надминато, и (г) секоја индикација дека загадување на животната средина се случило или може да се случи.
К	Келвин (единица мерка за температура)

Капацитет/ опрема за задржување	Опрема наменета за задржување на евентуално истечен материјал.
Квартално	Цел или дел од период од три последователни месеци, почнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври.
kPa	Кило Паскали
Leq	Еквивалентно континуирано ниво на звук
Локација чувствителна на бучава (ЛЧБ)	Секоја населена куќа, хотел или хостел, болници, училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност.
Македонски каталог на отпад / Листа на видови отпади (ЛВО)	Листа на видови отпади, Службен весник бр.100/05
Месечно	Минимум 12 пати во текот на една година, приближно во месечни интервали
МЖСПП	Министерство за животна средина и просторно планирање
Надлежен орган	Орган надлежен за издавање на ИСКЗ дозволи
НДТ	Најдобри Достапни Техники
Неделно	За време на сите недели од работата на инсталацијта и во случај на емисии, кога има емисија; со минимум едно мерење во било која недела
Ноќно време	Од 22.00 до 08.00 часот (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за дневно време)
Одржување	Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да се извршува функцијата
Оператор	Согласно дефиницијата за „Оператор” од член 5 точка 40 од Законот за животна средина: - секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на Дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира

	или алармира за активноста.
Праг за масен проток	Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК
ПРЕО	Проценка на ризикот од еколошка одговорност
Прилог	Секое повикување на Прилог од оваа Дозвола се однесува на прилозите поднесени како дел од оваа Дозвола
Примерок	Доколку контекстот на оваа Дозвола не кажува нешто спротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти
ПСОВ	Пречистителна Станица за Отпадни Води
ПУЖС	Програма за Управување со Животната Средина
ПУР	План за Управување со Ризици
ПУРЗ	План за Управување со Ризикот по Затворање
Работни часови	Часови/време во кое инсталацијата има Дозвола/е овластена да работи
РИПЗМ	Регистер на Испуштање и Пренесување на Загадувачки Материи
РК	Растворен кислород
Санитарен/ комунален ефлуент	Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во инсталацијата
СИСП/IPC	Спектроскопија со Индуктивно Спрегната Плазма
Слика	Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено
Соодветно осветлување	20 лукса, мерено на ниво на почва
Стандардна Метода	Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. EN, ISO, CEN, BS или еквивалентно).
Течен отпад	Било кој отпад во течна форма и што содржи помалку од 2% сува материја.
Тешки метали	Тешки метали се група на елементи меѓу бакар и бизмут во

	периодниот систем на елементи - со специфична густина поголема од 4.0 g/cm^3
ХПК	Хемиска потрошувачка на кислород
CEN	Comité Européen De Normalisation - Европска Комисија за стандардизација
Часови за прифаќање на отпад	Часови во кои на инсталацијата и е дозволено да прифаќа отпад

Вовед

Овие воведни белешки не се дел од Дозволата

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Сл.В. на Р.М. 53/05;81/95;24/07;159/08;83/09;48/10;124/10,51/11123/12,93/13,187/13,42/14,44/15,129/15,192 /15,39/16,28/18,65/18,99/18,89/22и177/22год),за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола,односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување барање заусогласување со оперативен план(“Службен весник на РМ” бр.89/2005, до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Инсталацијата се наоѓа во општина Штип, катастарска општина Штип 6, на катастарска парцела бр. 10730, со површина 38.176 m^2, а површина на објектите (хали) е 6x 1.066 m^2 = 6 936 m^2 под живинарски производни објекти надвор од населеното место, со пристапен пат кој води од населеното место Штип кон фармата. Локацијата е внимателно избрана во согласност со барањата за биосигурност и заштита на животната средина. Земјиштето е во државна сопственост, а објектите се во целосна сопственост на операторот.

Фармата опфаќа шест производствени објекти за експлоатација на кокошки несилки во кафезен систем, со вкупен капацитет од 105.000 несилки, опремени со автоматизиран систем за хранење, поење, вентилација, изѓубрување, транспорт и сортирање на јајца.

Производниот капацитет на постојната фарма е приближно 32 милиони јајца годишно, со дневна потрошувачка од 12,6 тони сточна храна и 24 $м^3$ вода. Водата се обезбедува од сопствен бунар (ЕВ-1), а инсталацијата е во постапка за добивање на Дозвола за користење на бунарска вода за сопствени потреби, системот за управување со отпадни води е организиран преку септички јами со периодично чистење и одвоз од овластен субјект.

ФАБРИКА ЗА СТОЧНА ХРАНА (3,5 Т/ЧАС):

Процесот започнува со прием на различни категории суровини – зрнести, прашкасти и микрокомпоненти. Суровините се транспортираат до Инсталацијата во вреќи, ринфуз или цистерни. Зрнестите и сачмастите суровини се истоварат преку усипен кош, поставен на бетонска рампа, опремен со контролна решетка за елиминација на груби нечистотии и поголеми фрагменти.
Суровините се складираат во четири силоси со различен волумен (два по 350 m^3 и два по 180 m^3), при што распределбата зависи од физичките својства на материјалите (зрнести или слабо течливи). Секој силос е опремен со:

- Сензори за ниво (горни и долни);
- Вибро-дозатор или спирален транспортер за контролирано извлекување;
- Систем за надзор на температура и влага (ако е предвиден во SCADA модулот).

• Сточната креда се складира во посебен вертикален бункер со волумен од околу 35 m^3, со вентил за пневматско полнење од цистерна и спирален дозатор на дното.

• Трите бункери за микрокомпоненти (по 500 литри секој) се полнат рачно, но имаат автоматизирани спирални дозатори кои ги префрлаат микро-супстанците до посебна вага.

Фабриката за сточна храна со капацитет од 3,5 t/h претставува технолошки напредна единица која целосно ја замени постојната мешалница. Процесот користи суровини како пченица, пченка, соино и сончогледово ќуспе, креда, соино масло, витамини и минерали. Сите суровини ќе се складираат во затворени метални силоси со филтри за прав, со што се спречува испуштање на честички.Со проектот се овозможува производство на приближно 25.000 тони годишно комбинирана добиточна храна, при што дел од производството ќе се користи за интерни потреби, а дел за пазарна продажба. Инсталацијата ќе биде поставена на веќе уредена површина, без проширување на постојните граници на инсталацијата.

Очекуваната потрошувачка на електрична енергија е околу 480.000 kWh годишно, а потрошувачката на вода за техничка и санитарна употреба изнесува околу 90 m^3 годишно. Отпадот ќе се јавува во форма на мала количина прашина, пакувален материјал и биолошки остатоци, кои ќе се собираат и ќе се третираат во согласност со Законот за управување со отпад.

Објекти за смесување на живината

Живинарскиот комплекс на Живино-Пром ДООЕЛ Штип,е дизајниран за одгледување на 105.000 кокошки несилки во оптимални услови на микроклима и биосигурност Производството се одвива во 6 хали, по 17.500 места организирани во два паралелни реда со по три објекти, ориентирани долж оска север–југ, што овозможува најповолна циркулација на воздух, природна вентилација и равномерна сончева експозиција..

Инсталацијата овозможува континуиран и интегриран процес на производство на конзумни јајца, со вкупен годишен капацитет што надминува 33 милиони парчиња, со минимизирани емисии и високо ниво на автоматизација.

Помеѓу халите се наоѓа централен сервисен коридор со ширина од 8 метри, изграден од армиран бетон со дренажни линии и интегриран систем за атмосферска канализација со песколовци. Коридорот овозможува пристап за механизација, дистрибуција на сточна храна и евакуација на отпад. Комплексот е целосно ограден со метална заштитна ограда висока 2,5 m, а влезот се врши преку дезинфекциона рампа за возила и контролен пункт со видеонадзор.

Систем за сместување на јајценосната живина во објектите

Системот за сместување на јајценосната живина во производствените хали на Живино-Пром ДООЕЛ Штип е развиен, технички усовршен и функционално согласно највисоките биосигурносни, ветеринарно-хигиенски и технолошки стандарди, со цел да обезбеди максимална продуктивност, сигурност и хуман третман на животните.

Овој систем не претставува само механичка структура за сместување на живината, туку интегриран биотехнолошки и дигитализиран производствен систем, кој овозможува целосна автоматизација на процесите – од контрола на микроклиматa, дистрибуција на храна и вода, осветлување и изѓубрување, до собирање, сортирање и пакување на јајцата. Преку ваквата интеграција, се обезбедува висока биолошка ефикасност, стабилен производствен циклус, намалени еколошки влијанија и усогласеност со концептот на циркуларна економија.

Главната цел на системот е да обезбеди максимална продуктивност со минимално влијание врз животната средина, при што се комбинираат напредни инженерски решенија и современи концепти за добросостојба на животните. Применетите технички решенија обезбедуваат идеални услови за микроклима, доволно движење,

оптимална вентилација и стабилна температура. Системот е дизајниран со SCADA автоматизација што овозможува дигитално следење на сите процеси во реално време, анализа на параметри, и предвидливо управување со ризици.

Секој од шесте објекти е проектиран со капацитет од приближно 17.500 кокошки несилки, што значи дека во рамките на целиот комплекс се сместени 105.000 единки. Системот се состои од мултитир кафезен систем од поцинкован челик со антикорозивна заштита, поставен на три до четири нивоа. Конструкцијата е лесна, стабилна и вибрационо апсорбирачка, што овозможува долготрајна експлоатација и лесно одржување. Подовите се жичени со наклон од 7–8°, што овозможува автоматско лизгање на јајцата без механички оштетувања.Должината на редовите без крајни сетови изнесува 72,36 m, што овозможува рационално искористување на просторот и лесен пристап за сервисирање и чистење.Системот се состои од мултитир кафезен систем од поцинкован челик со антикорозивна заштита, поставен на три до четири нивоа. Конструкцијата е лесна, стабилна и вибрационо апсорбирачка, што овозможува долготрајна експлоатација и лесно одржување.

Кафезите се опремени со следниве автоматски системи:

Систем за дистрибуција на храна преку моторни транспортери со прецизно дозирање и временско програмирање;

Систем за поење со нипел вентили и регулатори на притисок, со што се обезбедува постојан проток и стерилност на водата;

Централизиран систем за собирање на јајца преку хоризонтални и вертикални конвејери што ги транспортираат јајцата до зоната за пакување;

Систем за изѓубрување преку автоматски ленти под секој ред, кои го транспортираат изметот кон затворен систем за складирање.

Материјалите се избрани така што се отпорни на влага, амонијак и киселини, а конструкцијата има модуларен дизајн, што овозможува замена или проширување без прекин на производството. Просторот меѓу редовите (минимум 1,2 m) обезбедува безбеден пристап на персоналот, додека вкупната висина на системот е 2,4 m.

Секоја производствена хала е организирана во неколку јасно дефинирани функционални зони:

Производствена зона со кафезни линии;

Сервисен коридор за оператори и транспорт на храна;

Зона за собирање и пакување на јајца со интегриран лентов систем;

Хигиенска зона со санитарна бариера и ветеринарен пункт.

Со оваа организација се обезбедува јасно раздвојување на чисти и нечисти текови, што е суштински услов за биосигурност и превенција на инфекции. Патеките се со антилизгачка подлога и изведени со бетонска основа со епоксидна заштита, што овозможува едноставно чистење и дезинфекција.

Системот е поврзан со централниот климатски и вентилациски систем кој овозможува рамномерна циркулација на воздух низ сите нивоа на кафезите. Секое ниво има автоматски отвори за воздух и помошни вентилатори што создаваат стабилен притисок и температура. Поставени се термо-хигрометриски сензори кои обезбедуваат прецизна регулација. Во лето се користи испарувачко ладење, а во зима рециркулација на топол воздух што овозможува енергетска заштеда до 30%.

Секој објект е опремен со енергетски ефикасен LED систем со контролирана интензитетна крива (0–100%), управуван преку SCADA. Фотопериодот е поставен на 16 часа светлина и 8 часа темнина, со постепени премини (dimming control) за намалување на стрес. Светлосниот спектар е во топла бела боја (3000–3500 K) што позитивно влијае на хормоналната рамнотежа и несивоста.

Сите процеси – од хранење и поење, преку осветлување и микроклима, до изѓубрување и собирање на јајца – се интегрирани во централизирана SCADA платформа. Системот овозможува реално-временски мониторинг, автоматска анализа и известување преку облак инфраструктура со двојна резервна копија. Достапен е далечински пристап преку мобилна апликација, со известувања за критични состојби и статистика на потрошувачка.

Систем за автоматско хранење

Системот за автоматско хранење на јајценосната живина во Живино-Пром ДООЕЛ Штип претставува интегриран, високоавтоматизиран и интелигентен технолошки систем, создаден за да обезбеди континуирана, енергетски ефикасна, хигиенски сигурна и оптимално контролирана дистрибуција на сточната храна од Инсталацијата за сточна храна до секоја производствена хала и до индивидуалните кафези. Системот е проектиран во согласност со најдобрите достапни техники (BAT) и целосно е интегриран во SCADA платформата на инсталацијата, со што се обезбедува дигитален надзор, автоматска регулација и архивирање на сите технолошки параметри.

Овој систем овозможувапрецизно дозирање, постојан проток, хигиенска сигурност и минимални загуби, и со тоа претставува клучна карика во затворениот технолошки циклус на фармата. Секој чекор – од подготовката на смесата, транспортот, складирањето, до дистрибуцијата во кафезите – е оптимизиран преку напредни сензорски и електронски контроли.

Инсталацијата за сточна храна, со капацитет од 3,5 t/h, е поставена во рамките на истиот производствен комплекс, на растојание од околу 80 метри од халите за живината. Производствениот процес вклучува мелење, дозирање, мешање, хомогенизација и автоматско пренесување на готовата сточна храна во затворен транспортен систем кој комбинира пневматски и механички принцип на работа.

Храната се транспортира преку спирални и кофичести транспортери, цевководи и пневматски линии изработени од поцинкован челик и инокс, со внатрешен премаз против корозија и акумулација на прашина. Транспортниот систем е опремен со сензори за притисок, влажност, густина и температура, кои во реално време ги следат состојбите во транспортните линии.

Внатрешниот систем за хранење е организиран во затворени канали и ленти кои ја дистрибуираат храната рамномерно долж секој ред на кафези. Спиралните транспортери овозможуваат двонасочен проток и континуирано полнење на фидерите. Секој ред кафези е опремен со автоматски дозер со можност за калибрација на испорачаната количина. Лентите и каналите се изработени од поцинкован челик, полипропилен и термоотпорна гума, што овозможува тивка работа и долг работен век. Системот е програмиран да доставува 4 до 6 оброци дневно, а количината на храна се регулира со прецизност од ±0,3%. Програмата овозможува и динамична промена на интервалите на хранење во зависност од температурата, фазата на несивост и дневниот ритам на живината.

Систем за автоматско поење

Главната цел на системот е да се обезбеди постојана достапност на чиста, микробиолошки исправна вода, во оптимални количини и со прецизно контролиран притисок. Истовремено, системот овозможува рационална потрошувачка на вода, минимизирање на загубите и автоматско следење на квалитетот преку SCADA платформа со висока резолуција и 24-часовно архивирање на податоци.

Водата за поење потекнува од длабок артески бунар со длабочина од околу 110 метри, кој има стабилен природен притисок и капацитет од приближно 5,5 l/s. Бунарот е опремен со подводна пумпа со нерѓосувачко куќиште и електронски контролер, која

овозможува постојан притисок и е заштитена од суво работење. Водата се транспортира преку подземен вод до централната хидрофорна станица, каде што се регулира протокот со двојна пумпна станица со променлива фреквенција (VFD систем). Пумпите се поставени во редундантна конфигурација (1+1) за да обезбедат сигурност и континуирана работа дури и при дефект на една единица. Цевководната мрежа е изведена од PVC-U и инокс материјали со санитарна класа, отпорни на високи притисоци и хемиски агенси. Сите споеви се херметички затворени, што спречува контаминација и загуби на вода. Водата се пречистува во филтрациона и стерилизациска станица.

Дистрибуцијата на водата во халите е организирана преку централен вод со гранки за секој ред кафези, што овозможува рамномерна достапност и минимален пад на притисок. Овој систем е калибриран така што секоја птица има пристап до оптимална количина на вода, а линиите се поставени на висина прилагодена на физиолошките потреби на кокошките. Внатрешниот систем се состои од паралелни линии со нипел вентили и капалки, поставени долж секој ред на кафези. Нипелите се изработени од нерѓосувачки челик со пластичен облог, со животен век од најмалку 10 години и проток од 80–100 ml/min. Под секој нипел има пластична капалка за собирање на капките, со што се спречува влажнење на подот и појава на габи.

Систем за транспорт на јајцата

Овој систем е клучна компонента во одржувањето на квалитетот на финалниот производ, бидејќи овозможува нежно ракување, минимални механички оштетувања и целосна следливост на јајцата низ целиот производствен процес. Неговото функционирање е тесно поврзано со системите за сместување, микроклима и автоматизација, при што сите операции се усогласени во рамки на централната SCADA контролна платформа. Производните простори од двете страни на фармата се опремени со независни уздолжни системи за собирање јајца, при што секој ред од кафезите пренесува јајца кон elevator тип EggCellent. Брзината на подигачките ленти на овој elevator изнесува 1,7 m/min, што овозможува брз и континуиран транспорт без застои. Капацитетот на надолжниот систем е пресметан на околу 54 минути за транспортирање на целата количина јајца од еден производствен простор при работа без прекини и при капацитет на машината за сортирање од 21 600 јајца/час. Со ова темпо, во период од 6–7 часа може да се заврши собирањето на јајцата од сите пет редови на секој производствен простор. За да се спречи кршење, нагмечување или натрупување на јајца на преодите кон транспортните ленти, инсталиран е автоматски egg-saver систем. Овој систем користи пневматски цилиндри кои периодично ги повлекуваат жичените пречки (Ø2 mm) и со тоа овозможуваат контролирано пуштање на јајцата кон лентата.

Системот е подготвен за накнадна инсталација на електронски бројачи на јајца по страна и ред.

Главниот интерхален транспортер ги поврзува сите шест хали со централниот објект за класирање и пакување преку систем на затворени галерии. Овој пристап овозможува заштита од атмосферски влијанија, контаминација и температурни флуктуации. Во галериите се вградени системи за вентилација и контролирана влажност, што овозможува зачувување на квалитетот на јајцата при транспорт.

На секој влезен спој меѓу халата и интерхалниот транспорт постои автоматска префрлувачка единица со сензори за висина и наклон, која овозможува непречен премин на јајцата без удари или застој. Во случај на преполнување во пакувачката зона, системот автоматски го намалува протокот, а ако се достигне критичен капацитет, се активира сигурносно запирање со предупредувачки сигнал.

Овој трасншпортер се состои од:

1. Лифт за транспорт на јајца од типот EggCelent, со капацитет од 15.000 јајца на час по ред.
2. Довод на јајца со транспортерска лента од кафезите, со максимална брзина од 1,7 m/min, односно потребни се најмалку 36 минути за јајцата да пристигнат до лифтот.
3. Попречен транспорт на јајца, криволиниски транспортер, со максимален капацитет од 60.000 јајца на час и брзина од 7 m/min.

Секоја половина од лифтот е опремена со бројач на јајца од типот R4-810E, така што брои јајца од едната страна на секој ред, и на тој начин има вкупно 8 мерни места по објект.

Транспортерот за јајца А ги транспортира јајцата од објектите 1, 3 и 5, со должина од околу 115 m, па е потребно време од 16,5 минути за ланецот да ја помине целата должина.

Транспортерот за јајца Б ги транспортира јајцата од објектите 2, 4 и 6, со должина од околу 138 m, па е потребно време од 20 минути за ланецот да ја помине должината.

Систем за отпадни води и реупотреба на ресурси

Отпадните води од перење и дезинфекција се собираат преку четири бетонски канали со пад од 2%, кои се поврзани со централен колектор што води кон бетонски резервоари.

Сите технолошки отпадни води од перење и дезинфекција, како и санитарните отпадни води, се собираат во херметички затворени бетонски резервоари (5 m^3 + 5 m^3 + 15 m^3) со висок степен на водонепропустливост.

Постојат два типа на отпадни води

1. Комунални отпадни води: Потекнуваат од санитарните чворови и чајната кујна во административната зграда. Со оглед на тоа што фармата има 20 вработени и со усвоена норма од 30 л/ден по вработен, дневната количина изнесува 600 литри, односно 18.000 литри месечно. Овие води гравитационо се одведуваат преку три посебни канализациони линии и пред испуштање се водат во септичка јама со капацитет од 15 $м^3$.
2. Технолошки отпадни води: Се создаваат од тековното одржување на хигиената (перење на халите еднаш неделно) и од течната фаза која се цеди од привремено складираните отпадни материи од кокошките. Миењето се врши со пумпа под притисок, а годишната количина на отпадна вода од миењето на халите изнесува 3000 литри по хала односно околу 18 – 20 m3 .

Системот за одведување на отпадните води (и комунални и технолошки) се состои од PEK канализациони цевки со профили кои се движат од OD 200 до OD 400 мм. Во склоп на системот се предвидени и пет ревизиони шахти (АБ монолитни) за контрола и одржување.

- Таложници (Емшерови таложници). Технолошките отпадни води, како и комуналните води (по септичката јама), се водат до двокоморни таложници (Емшерови таложници).
- Овие објекти се изведуваат од два цилиндрични бетонски прстени со дијаметар Ф 1500 мм и длабочина од 3 метри.
- Во таложниците се врши анаеробна стабилизација на отпадот, при што објектите се вкопани во теренот за да се обезбеди константна температура, што е клучно за процесот на пречистување.
- Времето на задржување на отпадната вода во таложникот изнесува околу 6,67 часа.

•Цврстата фаза (талогот) се црпи периодично со специјално возило од ЈКП.
Стабилноста на талогот по 40 дена анаеробизација е над 80%, што го прави погоден за користење како органско ѓубриво во земјоделството.

Изѓубрување и управување со изметот од живината

Автоматскиот систем за изѓубрување на фармата е проектиран како затворен механизиран систем со надолжни и попречни транспортери, со цел континуирано и хигиенски безбедно отстранување на животинскиот измет од под кафезните батерии до местото на товарење во транспортно средство. Системот е целосно интегриран во технолошката опрема на фармата и овозможува минимален контакт на персоналот со ѓубривото, како и намалување на емисиите на миризби и амонијак во производниот простор. Во халите се користи механизиран систем за собирање на изметот, кој овозможува редовно и ефикасно отстранување на отпадот од подовите. Изметот се собира преку транспортерски ленти кои се поставени под кафезните системи, и по секој циклус на чистење се насочува кон затворени контејнери лоцирани во посебно уредена зона за привремено складирање. Овој систем овозможува минимален контакт со воздухот и значително го намалува ширењето на прашина и миризби.

Системот е димензиониран според реалната продукција на арско ѓубре. Кај полн капацитет на објектот (17.500 несилки по хала), дневната количина на измет се проценува на околу 2.300–2.400 kg по објект, со содржина на сува материја од околу 28–30%. Работниот режим предвидува редовно активирање на системот, најдоцна на секои 3–5 дена, при што сите траки во објектот се движат синхронизирано. По излегување од објектите, животинскиот измет не се депонира на отворени површини во рамките на парцелата, туку се товари директно во транспортно средство на овластен оператор.

Управување со угината живина и стапка на угинување

Следењето и контролата на угината живина претставува значаен елемент на биосигурноста. Вообичаената стапка на угинување на фармата изнесува 1,5% – 2,0% годишно, што е во согласност со европските стандарди за јајценосни кокошки и претставува индикатор за стабилна микроклима, соодветна исхрана и високо ниво на ветеринарна грижа. Стапката се следи на дневно ниво, а секоја промена над вообичаените вредности иницира итна ветеринарна инспекција и анализа на можните причини.

Со угината живина се постапува согласно строг биосигурносен протокол. Птиците кои се забележани како угинати веднаш се отстрануваат од халите и се носат во специјално изолирана зона за привремено складирање. Овој простор е затворен, вентилиран и опремен со фрижидерски контејнер кој обезбедува ниска температура со цел спречување на распаѓање, ослободување миризби и биолошка контаминација. На овој начин се минимизира ризикот од ширење заболувања.

Угинатата живина се третира како животински нус-производ од категорија 2, согласно Регулативата (ЕЗ) 1069/2009 и националните прописи. „Живино-Пром“.Овој систем на управување со угината живина овозможува целосна биолошка заштита, минимизирање на ризиците од еколошко загадување и строго почитување на законските обврски.

ЦЕНТАР ЗА СОРТИРАЊЕ И ПАКУВАЊЕ

Центарот за сортирање и пакување на јајца претставува високо автоматизирана технолошка единица која обезбедува прием, класификација, селекција, пакување, евиденција, следливост и складирање на произведените јајца. Овој центар функционира како клучна алка во производниот синџир и ја гарантира квалитативната стабилност, хигиенската исправност и усогласеноста со стандардите за безбедност на храна.

Центарот е дизајниран со строги инженерски и санитарни принципи кои вклучуваат:
- целосно одделување на „нечист“ и „чист“ проток,
- затворен систем без контакт со надворешна средина,
- минимизирање на рачните операции,
- позитивен притисок во критичните простории,
- материјали од класата food-grade и нерѓосувачки челик.

Со тоа се осигурува дека процесот е не само еколошки и технолошки оптимизиран, туку и стабилен од аспект на биосигурност и спречување на контаминации.

Управување со оштетени јајца и отпадна амбалажа

Оштетените јајца се сметаат за животински нуспроизвод – Категорија 3, и се управуваат според Правилникот за нуспроизводи од животинско потекло.
Процедурата вклучува:
- автоматско детектирање и одвојување,
- складирање во затворени контејнери од нерѓосувачки челик,
- дневна евиденција во HACCP регистар,
- редовно празнење од овластена компанија,
- дезинфекција по секое празнење.

Отпадната амбалажа (картон, пластика, палетна фолија) се сортира на три текови и се предава на рециклатор согласно Законот за управување со отпад.
Центарот за сортирање и пакување на јајца на Живино-Пром Штип претставува пример за модерна, автоматизирана и еколошки усогласена инсталација која овозможува:
- континуирана висока продуктивност,
- стабилен квалитет и безбедност на производот,
- намалени оперативни трошоци и енергетски трошоци,
- трајна следливост и контролирани услови на производство,
- потполн хигиенски и биосигурносен проток.

Со интеграцијата на MOBA Forta GT60, автоматските транспортни системи и ладилничките капацитети, фармата постигнува висок степен на автоматизација и усогласеност со принципите на Европската унија и BAT техниките.

Извор на вода

Фармата користи подземна вода од длабока бушотина со санитарно-хигиенски параметри согласно прописите.
Дистрибуција на вода се врши преку систем кој вклучува
- хидрофорска пумпа со автоматска регулација,
- ПЕХД цевки со висок притисок,
- филтрација, механичка и биолошка,
- можност за дезинфекција.

Потрошувачка по хала изнесува 3.800–4.200 l/ден за поење, 3 m^3 за миење на хала, 40 m^3/година за панелско ладење, санитарна вода за персонал.
Годишна потрошувачка: 8.000–9.000 m^3.

Канализација, атмосферска вода и отпадни води

Системот за управување со отпадни води на фармата е целосно затворен и дизајниран така што нема никакво испуштање на нечисти води во природен реципиент. Ова е во целосна согласност со еколошките прописи и стандардите за заштита на животната средина.

Вентилација

Системот за вентилација во халите вклучува:

- кровни вентилатори со висок капацитет, кои обезбедуваат извлекување на топол воздух,
- странични отвори со автоматска регулација, кои овозможуваат влез на свеж воздух,

Систем за ладење

Во летните месеци се користи систем на испарувачко ладење („pad cooling“), кој значително ја намалува температурата во халите.

ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ

Инсталацијата располага со:

- Влез/патен пристап: асфалтен локален пат, ширина 5 m, со можност за вкрстување на товарни возила.
- Водоснабдување: преку сопствен бунар (ЕВ-1) (Прилог I-6.).
- Отпадни води: собирање во септички јами со периодично празнење од овластен оператор.
- Електрична енергија: приклучок на јавната мрежа (EVN), со резервен генератор 250 kVA за критични системи.
- Атмосферски води: систем на одводни канали со дренажа и природна инфилтрација.
- Комуникации и ИТ: обезбедена интернет и телефонска конекција со SCADA контролниот центар.

Во западниот дел од комплексот се наоѓа енергетски центар со трансформаторска и пумпна станица, како и техничка зграда со електроразводен систем, додека источниот дел е резервиран за складишта, административна зграда, лабораторија и SCADA контролна просторија. Целокупната инфраструктура е проектирана според принципите на енергетска ефикасност, функционалност и безбедност на движење.

Резервниот дизел генератор

Овој генератор се користи исклучиво во вонредни состојби како резервен систем во случај на прекин во напојувањето од дистрибутивната мрежа на EVN,а истиот е со моќност од 250 kVA.

Вкупна површина на инсталацијата Живинарска фарма Живино- пром ДООЕЛ Штип изнесува 3.8 хектари.

Оваа А-ИЕД се однесува само на објектите означени на скицата дадена подолу



Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на Дозволата	Број на Дозвола	Дата на издавање

Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик	Референтен број	Дата на издавање
А-дозвола за усогласување со ОП за Живинарска фарма Живино-пром ДООЕЛ Штип	11-12411/1	11.12.2014 год
А-ИЕД за Живинарска фарма Живино-пром ДООЕЛ Штип	бр.11-3554/3	25.06.2019

Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа Дозвола, ве молиме наведете го Бројот на Дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган Министерството за животна средина и просторно планирање на адресата Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје, Република Македонија.

Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка Дозвола во посебен плик.

Промени во Дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

Предавање на Дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува органот. Со цел барањето да биде успешно, Операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку Дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Во согласност со член 115 став 6 и став 7 од Законот за животна средина средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Сл. весник на РСМакедонија“бр. 89/22,171/22,3/25 и 124/25) операторот поднесува барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, најдоцна една година пред истекот на временскиот период од седум години.

Важноста на секоја издадена А-интегрирана еколошка дозвола е 7 (седум) години.

Преглед на барани и доставени документи

Предмет	Датум	Коментар
Барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр.11-5690/1	02.12.2025 год	
Заклучок за надополнување на барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр.11-2780/2	05.08.2026 год	
Дополнување на барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр.11-2780/3	21.08.2026 год	
Објава на барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип во дневен весник бр. 11-2780/4	04.09.2026 год	
Известување до Државен инспекторат за животна средина за поднесено барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр. 11-2780/5	04.09.2026 год	
Известување до Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство за поднесено барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр. 11-2780/6	04.09.2026 год	
Известување до Општина Штип за поднесено барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр. 11-2780/7	04.09.2026 год	
Известување до Министерство за здравство за поднесено барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр. 11-2780/8	04.09.2026 год	
Објава во дневен весник на Барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип	09.09.2026 год	
Одговор на известување до Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство за поднесено барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр. 11-2780/9	18.09.2026 год	
Записник од извршен увид по барањето за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр. 11-2780/10	30.09.2026 год	
Мислење по известувањето до Општина Штип за поднесено барање за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр. 11-2780/11	02.10.2026 год	
Објава во дневен весник на Нацрт измена на А-ИЕД за ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр.11-2780/12	14.10.2026 год	
Објава во дневен весник на Нацрт измена на А-ИЕД за ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип	15.10.2026 год	
Записник од извршен завршен увид по барањето за измена на А-ИЕД од ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр. 11-2780/13	30.10.2026 год	
Изготвена Измена на А-ИЕД за ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип бр.11-2780/14		

Дозвола

Закон за животна средина

Дозвола

Број на Дозвола 11-2780/14

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина („Св на РМ бр.53/05,81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Св на РСМ бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25) ја овластува:

Име на компанија

Живинарска фарма Живино-пром ДООЕЛ Штип

со регистрирано седиште на:

Адреса: ул. Рибник бр. 100
Поштенски број Град: 2000 Штип
Држава: Република С Македонија

Број на регистрација на компанијата 6857728

да раководи со Инсталацијата

Живинарска фарма Живино-пром ДООЕЛ Штип

во рамките на Дозволата и условите во неа.

По овластување на Министер
Помошник раководител на сектор ИЗУР
Fatos Balliu

1. Услови

Инсталација за која се издава Дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табелите 1.1.1.

Табела 1.1.1 (а) Основни активности		
Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава Интегрирана Еколошка Дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови	**Опис на наведената активност**	**Граници на наведената активност**
Прилог 1, Точка 6 - Други дејности 6.6 Инсталации за интензивно живинарство со повеќе од: (а) 40.000 места за живина;	**Капацитет од 105 000 несилки,производство на32 000 000 конзумни јајца годишно**	**Производството во инсталацијата ќе се одвива само во халите означени во скицата дадена подолу.**

Координати на локацијата според Националниот координатен систем (10 цифри - 5 Исток 5 Север)	1. 7597504.39, 4620704.63 2. 7597567.00, 4620775.12 3. 7597495.99, 4620840.27 4. 7597535.95, 4620892.69 5. 7597441.02, 4620979.98 6. 7597367.73, 4260997.03 7. 7597292.02, 4620791.04 8. 7597417.10, 4620745.83



Живинарска фарма Живино-пром ДООЕЛ Шти

1.1.2 Активностите овластени во условот 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

Табела 1.1.2	
Документ	Место во документација
Граници на инсталација Живинарска фарма Живино-пром ДООЕЛ Штип	Барање за измена на А-ИЕД Прилог 1-11



Граници на инсталацијата

1.1.3 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола. Сите активности кои треба да се извршат според условите во оваа Дозвола стануваат дел од Дозволата.

Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животна средина(„Св на РМ бр.53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10,51/11,123/12, 93/13,187/13,42/14,44/15,129/15,192/15,39/16,99/18и „Св на РСМ бр. 89/22,171/22,3/25 и 124/25) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.5 Оваа Дозвола не го ослободува операторот од обврските кои не се опфатени со оваа Дозвола, а произлегуваат од постојната законска регулатива.

2 Работа на инсталацијата

2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.1.1 Управување и контрола			
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**	
Организациона поставеност на компанијата	Барање за измена на А- ИЕД ,Додаток 3.1	02.12.2025 год	

2.1.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.3 Во инсталацијата за која се издава Дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од Дозволата.

2.1.4 Копија од оваа Дозвола и оние делови од барањето на кои се однесува оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време, за целиот персонал вклучен во изведување на работата што е предмет на барањата од Дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите од Дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршување на нивните обврски.

2.1.6 Операторот ќе изготви програма за управување со животната средина (ПУЖС), со распоред на целите и задачите за заштита на животната средина, со комплетен преглед на сите операции, процеси, опции и можности кои овозможуваат поголема искористеност на енергијата и ресурсите како и можностите кои вклучуваат намалување на отпадот. (ПУЖС) како дел од Годишниот Извештај за Животна Средина (ГИЖС) се доставува до надлежниот орган.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и реализира програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/доставувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

2.1.8 Операторот ќе воспостави и одржува систем за документација на управувањето со животната средина, кој ќе биде достапен на Надлежниот орган

2.2 Суровини (вклучувајќи ја и водата)

2.2.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

2.2.2 Секоја промена на суровина наведена во барањето, во Табела IV.1.1 и IV.1.2 , која се употребува во активностите на операторот и технолошкиот процес, а создава опасен отпад, може да се применува со претходна согласност на Надлежниот орган во писмена форма.

Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)		
Опис	**Документ**	**Дата кога е применo**
Детали за суровини, меѓупроизводи, производи, итн. поврзани со процесите, а кои се употребуваат или создадени на локацијата	Барање за измена на А-ИЕД Анекс1, табела 4.1.1	02.12.2025 год
Детали за суровини, меѓупроизводи, производи, итн. поврзани со процесите, а кои се употребуваат или создадени на локацијата	Барање за измена на А-ИЕД Анекс1, табела 4.1.2	02.12.2025 год
Суровини и основни материјали употребени во инсталацијата	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 4.1	02.12.2025 год
Помошни материјали,хемикалии и препарати	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 4.2	02.12.2025 год
Производи,нуспроизводи и нивно управување	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 4.3	02.12.2025 год
Главен производ	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 4.3.1	02.12.2025 год

2.2.3 Операторот ќе направи проценка на ефикасноста на употребените суровини во сите процеси, со особено внимание на намалување на создавањето отпад, како на пример создавањето на екскрет, вода од перење на објектите, угинати птици и отпад од пакување кои може да предизвукаат негативни влијанија врз животната средина. Целокупната храна која се употребува во секторот за интензивно живинарство треба да биде во согласност со стандардите пропишани во домашната легислатива. Проценката треба да се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, истите треба да се вклучат во Распоредот на целите и задачите за животната средина.

2.2.4 Операторот е во постапка за добивање на Дозвола за користење на бунарска вода за сопствени потреби со бр 11-3732 од 20.08.2026 год.

2.3 Техники на работа

2.3.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.3.1 : Техники на работа		
Опис	**Документ**	**Дата кога е применo**
Опис на објектите,опремата и технологијата на одгледување на кокошки несилки	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 2.3.1	02.12.2025 год
Објекти за сместување на живината	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 2.3.1	02.12.2025 год
Технологија на одгледување на јајценосна живина	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 2.3.1	02.12.2025 год

2.3.2 Пред воведување на производство на било кој нов производ, Операторот треба да достави извештај до Надлежниот орган во кој се наведени процесите што ке бидат применети као и користените техники за минимизирање на влијанието врз медиумите на животната средина.

2.3.3 Инсталацијата ДПТУ Живино-пром ДООЕЛ за сопствени потреби има инсталирано на 3(три) објекти на кровните површини фотонапонски панели секој со моќност од 100KW, односно вкупно инсталирана моќ од 300 KW.

За овие фотонапонски панели согласно Уредбата за изменување на Уредбата задејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа за животна средина Чл.1 од Сл.в на РСМ бр. 233/22,не е потребно спроведување на постапка за одцена на влијанието врз животната средина.



Пресек на Инсталацијата со дијаграм на движење на суровините



Пресек на силоси



Пресек на силосите и транспортот на храна



Пресек на халите за јајценосна живина



Систем за микроклима и вентилација



Саќести испарувачки панели



Приказ на пресекот на системот за надворешна и внатрешна дистрибуција на храната



Пресек на системот за надворешна диструбуција на храната до објектите



Пресек на системот за изѓубрување



Пресек на производната хала и каналот за изѓубрување



Пресек на системот за транспорт на јајцата



Пресек на системот за транспорт на јајцата



Дијаграм на движење на отпадните води



Приказ на системот за собирање отпадни води



Пренасочување на отпадната вода кон резервоарите



Пресек на резерварите за отпадна вода и канализационата шахта



Пресек на системот за танспорт на јајца од сите хали до линијата за пакување



Машина за сортирање и пакување – MOBA Forta GT60

2.4 Заштита на подземните води

2.4.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.4.1 : Заштита на подземните води

Опис	Документ	Дата кога е примено
Ракување со суровини,меѓупроизводи и производи	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.1	02.12.2025 год
Транспорт на измет	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.1.3.4	02.12.2025 год
Транспорт на вода	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.1.3.5	02.12.2025 год
Животински измет (арско ѓубре)	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.1.1	02.12.2025 год
Технолошки отпадни води	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.2.1	02.12.2025 год
Комунални отпадни води	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.2.2	02.12.2025 год

2.4.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Материјалите треба да се јасно означени и соодветно одделени.

2.4.3 Транспортните возила и другите транспортни системи треба редовно да се чистат за да се спречи било какво истекување.

2.4.4 Товарењето и истоварањето на материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа и соодветно заштитени од истурање и истекување.

2.5 Ракување и складирање на отпадот

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ракува со и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, 2.5.2 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.5.1 : Ракување и складирање на отпадот

Опис	Документ	Дата кога е примено
Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2	02.12.2025 год
Животински измет (арско ѓубре)	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.1.1	02.12.2025 год
Оштетени и нестандарни јајца	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.1.2	02.12.2025 год
Амбалажен отпад	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.1.3	02.12.2025 год
Метален отпад и технички делови	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.1.4	02.12.2025 год

Табела 2.5.2 : Отпад складиран на самата локација			
Опис на отпадот	**Место на складирање на самата локација**	**Начин на складирање**	**Услови на складирање**
Животински измет (измет и урина од кокошки) (02 01 06)		Во специјални контејнери	Се превзема согласно договор 2-3 пати неделно
Трупови од умрените (угинатите) животни(02 01 99)		Во соодветен ладилник до моментот на превземање	Се превзема согласно договор

2.5.2 Отпадот треба јасно да се означи, соодветно да се оддели и складира во определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекување. Опасниот отпад-масла и мазива, нивното пакување и контаминираниот од нив отпад (независно од количината-минимална) треба да биде обезбеден и од надворешно влијание, без можност за влијание на околината.

2.5.3 На Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со било каков друг неопасен отпад.

2.5.4 Операторот треба да обезбеди , отпадот пред да се пренесе на друго лице, да биде спакуван и означен согласно националните, европските или други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

2.5.5 Екскретот привремено складиран на површините пред расфрлањето, треба да биде подалеку од границите на водотеци или други осетливи рецептори, така што било какво поплавување нема да предизвика нарушување на соседството.

2.5.6 Се задолжува Операторот да изготви Програма за управување со отпад согласно законската регулатива и План за управување со хранливите состојки (за управување. со создаден екстрет и вода од перење на локацијата)

2.6 Преработка и одлагање на отпад

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе го преработува и отстранува отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.6.1 : Искористување и отстранување на отпадот		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2	02.12.2025 год
Животински измет (арско ѓубре)	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.1.1	02.12.2025год
Оштетени и нестандарни јајца	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.1.2	02.12.2025год
Амбалажен отпад	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.1.3	02.12.2025год
Метален отпад и технички делови	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 5.2.1.4	02.12.2025год

2.6.2 Отстранувањето или рециклирањето на отпадот на самата локација ќе се одвива само во согласност со условите од оваа Дозвола и во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

2.6.3 Угинатата живина се третира како животински нус-производ од категорија 2, согласно Регулативата (ЕЗ) 1069/2009 и националните прописи.

2.6.4 Складирањето на создадениот екскрет ќе биде во согласност со НДТ од областа на интензивно одгледување на живина.

2.6.5 Операторот се задолжува да ги обезбеди договорите наведени во табела 2.6.1 со кои ќе ја покрие во целост активноста како предмет на договор. Истите треба да бидат активни во секое време и да бидат на располагање за увид од страна на надлежните органи.

2.7 Енергетска ефикасност

2.7.1 Операторот согласно условите во дозволата , ќе употребува енергија како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела 2.7.1 : Енергетска ефикасност

Опис	Документ	Дата кога е примено
Суровини основни материјали употребени во инсталацијата	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 4.1	02.12.2025год
Помошни материјали, хемикалии и препарати	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 4.2	02.12.2025год

2.7.2 Операторот треба да има план за управување со енергијата и мерки за зголемена Енергетска Ефикасност, кој ќе биде дополнуван годишно.

2.7.3 Операторот се задолжува постојано да ги следи и применува техничко-технолошките новитети/решенија во делот на Енергетската Ефикасност, со цел да делува покрај ефикасноста и на намалено загадување

2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија

2.8.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.8.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.8.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија

Опис	Документ	Дата кога е примено
Спречување на несреќи и итно реагирање	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 12.1	02.12.2025год
Други значајни документи поврзани со заштитата на животната средина	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 12.2	02.12.2025год

2.8.2 Планот за спречување на настанување на несакани дејствија треба да биде подржан со соодветни процедури за постапување и одговорност

2.8.3 Планот за постапување во случај на настанување на несакани дејствија треба да биде подржан со соодветни процедури за постапување и одговорности

2.8.4 Плановите од точка 2.8.2 и 2.8.3 треба да бидат изработени во рок од 6 (шест) месеци од издавање на оваа Дозвола и истите да бидат достапни за увид од страна на Надлежниот орган

2.8.5 Во случај на пожар или излевање на водата за гасење на пожари, излеаната вода треба да биде задржана. Операторот треба ја испита можноста за автоматско пренасочување на водата за гасење на пожари во зафатни базени .

2.8.6 Во случај на несреќа, Операторот треба веднаш да:

- го изолира изворот на било каква емисија;
- спроведе неодложна истрага за да ги идентификува природата, изворот и причината на било каква емисија која произлегува од тоа;
- го процени загадувањето на околината, доколку има, предизвикано од инцидентот;
- ги идентификува и спроведе мерките за минимизирање на емисиите/ нефункционирањето и ефектите кои следуваат;
- го забележи датумот и местото на несреќата;
- го извести Надлежниот орган и другите релевантни власти

2.8.7 Операторот ќе достави предлог до Надлежниот орган во рок од 1 (еден) месец од несреќата или како што е одобрено од страна на Надлежниот орган да:

- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата, и
- Идентификува и постави други погодни активности за ремедијација.

2.9 Бучава и вибрации

2.9.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во Табела 2.9.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.9.1 : Бучава и вибрации

Опис	Документ	Дата кога е примено
Извори на бучава на локацијата	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 7.8.1	02.12.2025год
Проценка на влијаниоето на бучавата	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 7.8.1	02.12.2025год

2.9.2 Резултатите од мерењата ќе бидат ставени на располагање за инспекција на лицата овластени од страна на Надлежниот орган во било кое разумно време, а краток извештај од овие записи ќе се вклучи во ГИЖС.

2.10 Мониторинг

2.10.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.10.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.



Мерни места на емисии

Табела 2.10.1 : Мониторинг		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Опис на места за мониторинг	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 10.1	02.12.2025год
Воздух	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 10.1.1	02.12.2025год
Санитарни отпадни води	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 10.1.3	02.12.2025год
Почва и подземни води	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 10.1.4	02.12.2025год

2.10.2 Операторот ќе го овозможи следното:

а) безбеден и постојан пристап за земање примероци/мониторинг на емисионите точки.

б) безбеден пристап до други точки за земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.10.3 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторингот, земањето примероци и анализата може да се изменат во согласност со Надлежниот орган, по претходна евалуација на резултатите од извршените мерења..

2.10.4 При мониторинг на подземни води Операторот ќе обезбеди опремата за земање примероци од подземни води да биде инсталирана на локацијата и спремна за употреба во секое време.

2.10.5 Земањето примероци и анализата на сите загадувачи како и референтните методи за калибрирање на автоматизираните мерни системи ќе се вршат во согласност со CEN стандардите. Доколку овие стандарди не се достапни, ќе се користат ISO, национални или меѓународни стандарди кои ќе обезбедат собирање на податоци од еквивалентен научен квалитет.

2.10.6 На оние места каде можноста за мерење на параметарот е под влијание на мешање пред емисија, тогаш во согласност со Надлежниот орган, параметарот може да се оцени пред да се случи мешањето.

2.11 Престанок на работа

2.11.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.11.1 : Престанок на работа

Опис	Документ	Дата кога е примено
Организација на престанокот со работа и минимизирање на влијанијата	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 13.1	02.12.2025год
План за управување со резидуи	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 13.2	02.12.2025год
Финансиско обезбедување на мерките	Барање за измена на А-ИЕД Додаток 13.3	02.12.2025год

2.11.2 План за престанок со работа и управување со остатоци:
Планот ќе се ревидира годишно и предложените измени ќе се достават до Надлежниот орган како дел од ГИЖС.

2.11.3 Во рок од 3 (три) месеци од извршување на планот, Операторот треба да поднесе до Надлежниот орган финален извештај за потврда кој ќе вклучи и сертификат за комплетирање на планот за управување со остатоци. Операторот треба да ги изврши сите потребни тестови и анализи, вклучувајќи и сертификат, онака како што бара Надлежниот орган, со цел да покаже дека не постои понатамошен ризик по животната средина.

2.11.4 Како дел од ГИЖС, Операторот треба да обезбеди годишен извештај за преземените или предвидените мерки во врска со спречување на штети по животната средина и да предвиди финансиски средства потребни за ремедијација која ќе следи по конечниот престанок со работа на инсталацијата, како и по инцидентите.

2.12 Инсталации со повеќе Оператори

2.12.1 Со инсталацијата за која се издава оваа Дозвола управува само еден Оператор.

3 Документација

3.1.1 Документацијата ("Специфицирана Документација") ќе содржи податоци за:

а) секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

б) целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

а) специфицираната документација;

б) било кои други документи изготвени од страна на Операторот а поврзани со работата на инсталацијата за која се издава Дозволата („Други документи").

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба да:

а) бидат читливи;

б) бидат изготвени што е можно побрзо;

в) ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа Дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, Операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа Дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за

- Составот на отпадот, или онаму каде што не е можно, опис;
- Најдобра проценка на создадената количина отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за отстранување;
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;
- Тонажа и МКО код за увезените отпадни материјали и/или испратени надвор од локацијата за отстранување/ рециклирање;
- Имињата на пренесувачите на отпадот и нивните детали од Дозволата за собирање на отпад, ако е потребно (вклучувајќи го Надлежниот орган кој ја издал и регистарскиот број на возилото);
- Детали за крајната дестинација на отстранување/рециклирање на отпадот и нејзината погодност да ја прифати пратката отпад, да ја вклучи својата Дозвола/детали од Дозволата и органот кој ја издал, ако е потребно;
- Писмена потврда за прифаќањето и отстранувањето/преработката на опасен отпад испратен надвор од локацијата;

- Детали од сите отпади кои се испратени во странство за преработка и класифицирани како Зелени во согласност со ЕУ регулативите за прекуграничен транспорт на отпад (регулатива на Советот ЕЕС 259/1993, соодветно дополнета). Образложението за класификацијата ќе биде дел од документацијата;
- Детали за сите одбиени пратки;
- Детали за секое одобрено мешање на отпад;
- Тонажите и МКО кодот за отпадните материјали кои се рециклирани/одложени на локацијата;
- Резултатите за сите анализи побарани со оваа Дозвола.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава оваа Дозвола ќе изготви записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа, резултати од истата како и корективните и превентивни мерки преземени за истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Извештаите ќе се поднесат како што е резимирано во Додаток 2, или на друг начин како што е наведено во Дозволата.

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

4.1.4 Операторот ќе поднесе до Надлежниот орган, најдоцна до 31- ви Март секоја година, ГИЖС кој ја покрива претходната календарска година. Овој извештај, кој треба да биде доставен до Надлежниот орган, треба да ги вклучи како минимум, информациите специфицирани во следната Табела: Содржина на Годишниот Извештај за Животна Средина од оваа Дозвола треба да се подготви со било кои релевантни упатства кои се издадени од страна на Надлежниот Орган.

4.1.5 Операторот ќе подготви и одржува РИПЗМ за локацијата. Супстанциите кои треба да се вклучат во РИПЗМ треба да бидат доставени до Надлежниот орган секоја година по референтната листа која што ќе биде специфицирана во упатството за ГИЖС од Надлежниот орган. РИПЗМ треба да се подготви во согласност со било кои релевантни упатства кои се издадени од страна на Надлежниот Орган и треба да се поднесат како дел од ГИЖС.

Годишен извештај за животна средина - Содржина
Емисии од инсталацијата. (поднесување на РИПЗМ + согласност со ГВЕ)
Евиденција за управување со отпад
Преглед за потрошувачка на суровини.
Резиме на забелешки (жалби/поплаки).
Распоред на цели и задачи за животната околина.
Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година.
Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година.
Регистар на загадувачки емисии - извештај од претходната година.
Регистар на загадувачки емисии - предлог за тековната година.
Резиме на извештајот за мониторинг на бучава.
Резиме на мониторингот на животната средина.
Резиме на пријавени инциденти.
Резиме од извештај за ефикасност на енергијата.
Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и редукција на генерираниот отпад.
Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на испуштање на отпадана вода.
Сите други предмети специфицирани од страна на Надлежниот орган

5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување:**

а кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

ц кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

д било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1 согласно Распоредот 1 од оваа дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Распоредот 1 од оваа дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Распоред, што е можно побрзо.

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

а перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

б престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

ц повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.4 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

i било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

ii промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајки и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

iii за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

6 Емисии

6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точките на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од изворите наведени во таа Табела (определени во Барањето за добивање А-Дозвола за усогласување со оперативен план).

Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот		
Ознака на точка на емисија/опис	Извор	Локација на точката на емисија
АА1	Вентилационен испуст од хала за несилки	41°43'31.04"N , 22° 9'56.16" E
АА2	Вентилационен испуст од хала за несилки	41°43'31.66"N ,22° 9'54.75" E
АА3	Вентилационен испуст од хала за несилки	41°43'32.23"N ,22° 9'53.27"E
АА4	Вентилационен испуст од хала за несилки	41°43'33.09"N,22° 9'57.22"E
АА5	Вентилационен испуст од хала за несилки	41°43'33.47"N ,22° 9'55.65"E
АА6	Вентилационен испуст од хала за несилки	41°43'33.87"N , 22° 9'54.15"E
АА7	Испуст од дизел генератор	41°43'36.73"N 22°9'54.72"E



Скица со мерни места за испус во воздух

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметрите и точките на емисија наведени во Табелата 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Операторот ќе врши мониторинг на точките на емисија и параметрите наведени во Табелата 6.1.2, на фрекфенции специфицирани во неа.

Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот					
Параметри	**АА1, Вентилационен испуст од хала за несилки 41°43'31.04"N , 22° 9'56.16" E**				Фреквенција на мониторинг
Проток	**2 197 m³/час**				
	До (датум)	Конетрација (mg\m³)	Од (датум)	Конетрација (mg\m³)	
Вкупна прашина			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Амонијак NH_3			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Чад(ринглеманов тест)			**Ноември 2026**	**1**	**Два пати годишно**

Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот					
Параметри	**АА2, Вентилационен испуст од хала за несилки 41°43'31.66"N ,22° 9'54.75" E**				Фреквенција на мониторинг
Проток	**2 244 m³/час**				
	До (датум)	Конетрација (mg\m³)	Од (датум)	Конетрација (mg\m³)	
Вкупна прашина			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Амонијак NH_3			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Чад(ринглеманов тест)			**Ноември 2026**	**1**	**Два пати годишно**

Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот					
Параметри	**АА3, Вентилационен испуст од хала за несилки 41°43'32.23"N , 22° 9'53.27"E**				Фреквенција на мониторинг
Проток	**2 335 m³/час**				
	До (датум)	Конетрација (mg\m³)	Од (датум)	Конетрација (mg\m³)	
Вкупна прашина			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Амонијак NH_3			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Чад(ринглеманов тест)			**Ноември 2026**	**1**	**Два пати годишно**

Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот					
Параметри	**АА4, Вентилационен испуст од хала за несилки 41°43'33.09"N , 22° 9'57.22"E**				Фреквенција на мониторинг
Проток	**2 935 m³/час**				
	До (датум)	Конетрација (mg\m³)	Од (датум)	Конетрација (mg\m³)	
Вкупна прашина			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Амонијак NH_3			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Чад(ринглеманов тест)			**Ноември 2026**	**1**	**Два пати годишно**

Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот					
Параметри	**AA5, Вентилационен испуст од хала за несилки 41°43'33.47"N , 22° 9'55.65"E**				Фреквенција на мониторинг
Проток	**2 321 m^3/час**				
	До (датум	Конетрација ($mg\m^3$)	Од (датум)	Конетрација ($mg\m^3$)	
Вкупна прашина			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Амонијак NH_3			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Чад(ринглеманов тест)			**Ноември 2026**	**1**	**Два пати годишно**

Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот					
Параметри	**AA6, Вентилационен испуст од хала за несилки 41°43'33.87"N , 22° 9'54.15"E**				Фреквенција на мониторинг
Проток	**3 359 m^3/час**				
	До (датум	Конетрација ($mg\m^3$)	Од (датум)	Конетрација ($mg\m^3$)	
Вкупна прашина			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Амонијак NH_3			**Ноември 2026**	**50**	**Два пати годишно**
Чад(ринглеманов тест)			**Ноември 2026**	**1**	**Два пати годишно**

Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот					
Параметри	**AA7, Испуст од дизел генератор 41°43' 36.73 "N , 22°9'54.72"E Моќност 0.18 KW,гориво нафта**				Фреквенција на мониторинг
Проток	**276 m^3/час**				
	До (датум	Конетрација ($mg\m^3$)	Од (датум)	Конетрација ($mg\m^3$)	
Јаглерод моноскид (CO)			**Ноември 2026**	**175**	**Два пати годишно**
Азотни оксиди (NO_x) изразени како (NO_2)			**Ноември 2026**	**250**	**Два пати годишно**
Чаден број			**Ноември 2026**	**1**	**Два пати годишно**

Се задолжува инсталацијата ДПТУ ЖИВИНО-ПРОМ ДООЕЛ Штип мерењата кои треба да ги изврши на овие емисиони точки иститебидат извршени само од акредитирана лабараторија, која поседува акредитација за секој параметар кој треба да се мери.

6.1.4 Сите емисии од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата .

6.2 Емисии во почва

6.2.1 Операторот се задолжува да го извести Надлежниот орган за секоја промена во работењето на инсталацијата која може да има влијание на почвата.

6.2.2 Не се дозволува влијание на почвата од привременото складирање на отпаден материјал, до и за време на неговото превземање од овластено лице..

6.2.3 Патната мрежа која е во рамките на инсталацијата ќе се одржува така да нема остатоци од прашина предизвикани од возилата кои влегуваат или излегуваат од инсталацијата. Таквата прашина или други исталожени материјали ќе бидат отстранети без одложување и без влијание на почвата.

6.2.4 Операторот треба да обезбеди активностите од своето работење да бидат спроведувани на начин кој ќе обезбеди да не постои можност за директно влијание на почвата, како и за надворешно влијание кое создава индиректни емисии во почвата.

6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точки на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од изворите наведени во таа Табела.

Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода		
Ознака на точка на емисија	Извор	Количество

Забелешка: Од инсталацијата нема испуштање на вода во реципиент.

Табела 6.3.2 : Граници на емисија во вода		
Ознака на точка на емисија :		
Параметар	ГВЕ (mg/l)	Фреквенција на мониторинг

6.3.2 Создадената отпадна вода од миењето на објектите треба да се собира и складира на начин и место прифатливо за животната средина и истата треба да се расфрла одделно од екскретот. Обемот на расфрлање не треба да надминува 25 mm/hr во чувствителни области и 50mm/hr во останати случаи.

6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

Табела 6.4.1 Точка на емисија во канализација (нема)		
Ознака на точката на емисија	**Извор**	**Канализација**

Забелешка:

Нема емисии во канализација за предметната инсталација. Испуштање на отпадна вода е во интерна канализација, а од таму во септичка јама која согласно договорот се превзема од соодветната фирма 2-3 пати неделно

6.5 Емисии на топлина

6.5.1. Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема да има емисии на топлина кои значително ќе влијаат врз животната средина.

6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Не се дозволува активностите на локацијата да доведат до зголемување на нивоата на бучава, дадени подолу, на местата специфицирани како осетливи на бучава

- Дење (Lд) 60 dBA
- Вечер (Lв) 60 dBA
- Ноќе (Lн) 55 dBA

6.6.2 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата на годишно ниво. Програмата за преглед на бучавата треба да е во согласност со најдобрата пракса на ЕУ.

6.6.3 Изборот на мерните места, бројот на мерни места и начинот на мерење треба да биде во согласност со постојната регулатива.

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1. Од инсталацијата за која се издава оваа дозвола нема да има пренос на отпадната вода од активноста во пречистителна станица.

8. Услови надвор од локацијата

8.1. Операторот е должен во случај на нарушување на амбиенталниот воздух во околината со непосредно влијание од неговата активност и покрај задоволувањето на поставените гранични вредности на емисија, како резултат на отстапување од вообичаените атмосферски движења, да превземе соодветни мерки во процесот на производство, а со цел на намалување на создаденото загадување.

8.2. Операторот се задолжува во духот на добар стопанственик да има непосредни контакти со месното население и установите во зоната на влијание на неговите активности, со презентирање на резултати од мерења и активности кои се превземаат за создавање и одржување на прифатливи услови на живеење.

8.3. Расфрлањето на животинскиот отпад треба да се извршува според однапред изготвен план, користејќи ја најдобрата фармерска пракса, позитивната регулатива за земјоделство и анализите на почвата каде се врши расфрлањето.

9 Програма за подобрување

9.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати известување во пишана форма до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

Табела со потребни финансики средства за реализацијата на Програмата за подобрување

ред .бр	Активност	Финансиски средства (евра)
1	Воспоставување и одржување ISO 14001:2015	3 000
2	Озеленување и хортултурно уредување	3 000
3	Поставување јасно означени контејнери за селекција на отпад	1 000
4	Следење и усогласување со идните регионални решенија за третман на угината живина	
5	Одржување и подобрување на Системот за управување со безбедност и квалитет на храна согласно IFS Food v.8	30 000
6	Имплементација / Сертификација и одржување на IFS Food v.8 и проширување на HACCP системот согласно Codex Alimentarius	100 000
7	Набавка и интеграција на нова технологија за пакување и дигитален систем за следливост	150 000
Вкупно		**287 000**

Табела 9.1.1 : Програма за подобрување

Ознака	Мерка	Датум на завршување
	Активност бр.1 **Воспоставување и одржување ISO 14001:2015** **Опис на активноста:** Имплементирање и воведување на ISO 14001:2015 **Цел на активноста:** Подобрување на управувањето со влијанијата врз животната средина и отпадот во компанијата преку: задоволување на законските прописи и други барања, намалување на ризикот за доведување до еколошка катастрофа, препознавање на проблемите од областа на животната средина во најрана фаза, постигнување на добри работни практики и обезбедување на заштеда на суровини, репроматеријали и финансиски заштеди.	**Активноста ќе се реализира Октомври 2026 - Октомври 2028**
	Активност бр.2 **Озеленување и хортултурно уредување** **Опис на активноста:** Фармата ќе спроведува активности за озеленување со автохтони растителни видови кои се адаптирани на локалните климатски услови. **Придобивка:** Озеленување ќе создаде природни бариери кои ќе ја намалат ерозијата, ќе го подобрат изгледот на локацијата и ќе придонесат за поширок еколошки придобивки. намалување на емисиите на прашина, подобрување на микроклимата и создавање попријатни услови за работа.	**Активноста ќе се реализира Јануари-Декември 2027**
	Активност бр.3 **Поставување јасно означени контејнери за селекција на отпад** **Опис на активноста:** За успешно управување со отпадот кој се создава во технолошкиот процес и другите активности (отпад од пакување, комунален отпад и др. освен отпад од преработка на рудата-флотациска јаловина) потребно е редовно селектирање и времено складирање се до предавање на овластени компании. Досега се складираше на одредени локации, но се покажа дека е потребно доуредување на просторот и заштита од атмосферски влијанија и евентуално истекување на исцедок. **Придобивка:** Предвидената активност има за цел да го намали влијанието врз животната средина и безбедно времено складирање на отпадот	**Активноста ќе се реализира Јануари-Декември 2027 год**

	Активност бр.4 **Следење и усогласување со идните регионални решенија за третман на угината живина** **Опис на активноста:** Управувањето со отпад е една од клучните димензии на интегрираното управување со животната средина. Фармата веќе се спроведуваат систематизирани активности за собирање и предавање на отпадот, потребно е понатамошно уредување на системот за управување со отпад, **Придобивка:** Дополнително, иако управувањето со угинатата живина се спроведува согласно важечките ветеринарни прописи, фармата ќе продолжи со следење на можностите за приклучување кон идните регионални решенија за третман на животински нус-производи, што ќе придонесе за поголема еколошка и оперативна ефикасност. Целта е да се минимизира количината отпад што завршува на депонии, да се зголеми степенот на искористување на ресурсите и да се обезбеди безбедно управување со сите видови отпад.	**Активноста ќе се реализира тековно**
	Активност бр.5 **Одржување и подобрување на Системот за управување со безбедност и квалитет на храна согласно IFS Food v.8** **Опис на активноста:** Имплементација, одржување и континуирано подобрување на системот за управување со безбедност и квалитет на храна согласно барањата на IFS Food v.8, вклучително спроведување на внатрешни аудити и проверки, анализа и проценка на ризици, следење на критичните контролни точки, управување со документација и записи, обука и подигање на свеста кај вработените, следење на хигиенските и производствените практики, следливост, управување со несообразности и спроведување корективни и превентивни мерки. **Придобивка:** Обезбедување на усогласеност на производните и организациските процеси со барањата на IFS Food v.8, со цел континуирано обезбедување на безбедноста и квалитетот на храната, исполнување на законските и регулаторните барања, намалување на ризиците поврзани со безбедноста на храната, спречување на несообразности и контаминации, подобрување на хигиената и производните процеси, обезбедување целосна следливост на производите и суровините, унапредување на компетентноста на персоналот и воспоставување на систем за континуирано подобрување.	**Активноста ќе се реализира Декември 2026 -Декември 2027 год**
	Активност бр.6 **Имплементација / Сертификација и одржување на IFS Food v.8 и**	

	проширување на HACCP системот согласно Codex Alimentarius **Опис на активноста:** Имплементација, одржување и унапредување на системот за управување со безбедност и квалитет на храната согласно барањата на IFS Food v.8, како и проширување и усогласување на постојниот HACCP систем согласно принципите и насоките на Codex Alimentarius.Активностите опфаќаат идентификација и анализа на опасностите, повторна проценка и ажурирање на HACCP планот, утврдување и верификација на критичните контролни точки (CCP), дефинирање на критични граници, процедури за мониторинг, корективни мерки и верификација на системот.Во рамките на имплементацијата на IFS Food v.8 ќе се спроведат активности за унапредување на предусловните програми (GMP/GHP), хигиенските и производните практики, следливоста, контрола на суровини и добавувачи, управување со несообразности и корективни мерки, Food Fraud и Food Defense, управување со алергени, контрола на документацијата и записите, обука на персоналот, внатрешни аудити и подготовка за сертификациски аудит. **Придобивка:** Воспоставување и одржување на интегриран и ефикасен систем за управување со безбедноста и квалитетот на храната, усогласен со барањата на IFS Food v.8 и принципите на HACCP – Codex Alimentarius**, со** цел: • Обезбедување на безбедноста и квалитетот на храната; • Идентификација, проценка и контрола на биолошки, хемиски и физички опасности; • Намалување на ризиците од контаминација и несообразност на производите; • Обезбедување усогласеност со законските, регулаторните и договорните барања; • Воспоставување и одржување на ефикасни GMP/GHP и HACCP процедури; • Подобрување на следливоста на суровините, амбалажата и готовите производи; • Подобрување на контролата на производните процеси; • Унапредување на компетентноста и свеста на вработените; • Воспоставување систем за навремено откривање, управување и отстранување на несообразности; • Спроведување на систематски внатрешни аудити, верификација и континуирано подобрување; • Подготовка на компанијата за успешна сертификација согласно IFS Food v.8 во текот на првиот квартал на 2027 год.	**Активноста ќе се реализира Јануари-Декември 2027 год**

	Активност бр.7 **Набавка и интеграција на нова технологија за пакување и дигитален систем за следливост** **Опис на активноста:** Набавка, инсталација и интеграција на нова и современа технологија за пакување, означување и контрола на готовите производи, со цел унапредување на ефикасноста, хигиената, безбедноста и квалитетот на процесот на пакување.Паралелно со технолошкото унапредување ќе се изврши набавка и имплементација на софистициран софтверски систем за целосна следливост на работните процеси и производството, кој ќе овозможи дигитално следење и евидентирање на сите релевантни фази – од прием на суровини и материјали, складирање, производство и контроли во процес, до пакување, означување, складирање и испорака на готовиот производ.Софтверското решение ќе овозможи дигитално управување со и поврзување на записите, контролите, процедурите и документацијата поврзани со IFS Food v.8, HACCP – Codex Alimentarius и другите применливи системи и стандарди, вклучувајќи управување со несообразности, корективни мерки, следење на CCP/контролни точки, проверки, записи од хигиена, контрола на производството, следливост на LOT/Batch, управување со документи и записи и подготовка на извештаи.Системот ќе овозможи брзо поврзување на суровината со готовиот производ и обратно, како и навремено обезбедување на релевантни податоци при интерни и екстерни аудити, рекламации, повлекување/отповикување на производ и други ситуации во кои е потребна целосна следливост. **Придобивка:** Унапредување на производните и пакувачките процеси преку дигитализација и воведување на современа технологија, со цел: • воспоставување на целосна end-to-end следливост на производите и работните процеси; • автоматизирање на евидентирањето и управувањето со производните записи; • намалување на можноста за човечки грешки при внесување и обработка на податоци; • подобрување на контролата на процесите, суровините, амбалажата и готовите производи; • обезбедување брз пристап до податоци и записи потребни за IFS Food v.8 и HACCP; • поврзување на LOT/Batch, суровини, производни операции, пакување и готови производи; • подобрување на контролата и ефикасноста на процесот на пакување и означување; • обезбедување на сигурно и систематизирано чување на записи	**Активноста ќе се реализира Декември 2026-Март 2027 год**

	и документи; • подобрување на подготовката и одговорот при рекламации, несообразности и повлекување/отповикување на производи; • обезбедување на електронски докази за спроведените контроли и активности; • зголемување на транспарентноста и контролата врз сите фази на производството; • поддршка на континуираното подобрување и дигиталната трансформација на системот за управување со безбедност и квалитет на храната.	

9.2 Со издавање на оваа дозвола Операторот не се ослободува од обврската за примена на НДТ и законската регулатива, кои ќе станат активни во периодот на реализација на оперативниот план-Табела 9.1.1.

9.3 Документацијата која е основ за реализација на активностите од оперативниот план, операторот ќе ја стави на увид на Надлежниот орган за издавање на оваа дозвола, по негово барање

10 Договор за промени во пишана форма

10.1 Кога својството или како што е друго договорено во пишана форма се користи како во услов од Дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

10.1.1 Операторот ќе му даде на Надлежниот орган известување во пишана форма за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

10.1.2 Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена во пишана форма со Надлежниот орган, може да се спроведува само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно известување во пишана форма за датата на спроведување на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

10.3 Секоја промена на или реконструкција во смисол на, активноста или некој нејзин дел кој може или би можел да резултира со

10.3.1 Промена на материјалот или зголемување на:

- природата или количеството на било која емисија;
- системот за намалување/третман или рециклирање;
- опсегот на процесите кои треба да се извршат;
- горивата, суровините, меѓупроизводите, производите или создадениот отпад; или

10.3.2 Било каква промена на:

- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола со негативен ефект врз животната средина;
- било какви промени на преземачот;
- било каква промена која може да има влијание врз животната средина,
- ќе се изведува или ќе започне само со претходно известување и одобрение од страна на Надлежниот орган.

Додаток 1

Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

Дел А

- ☐ Име на Операторот.
- ☐ Број на Дозвола.
- ☐ Локација на инсталацијата.
- ☐ Датум на доставување на податоци.
- ☐ Време, датум и локација на емисијата.
- ☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:
- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

- ☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А.
- ☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- ☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултатна емисијата.
- ☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.
- ☐ Име ☐ Пошта.....
- ☐ Потпис ☐ Датум
- ☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на Операторот.

Додаток 2

Извештаи за податоците од мониторингот

Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот за точките AA1,AA2,AA3,AA4,AA5 ,AA6 и AA7		
Параметар	Период за давање извештаи	Почеток на периодот
Вкупна прашина	Два пати годишно	Ноември 2026 год
Амонијак NH_3		
Чад (ринглеманов тест)		
Јаглерод моноскид (CO)		
Азотни оксиди (NO_x) изразени како (NO_2)		
Чаден број		

Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот			
Параметар	Точка на емисија	Период за давање извештаи	Почеток на периодот
Вкупна прашина	AA1,AA2,AA3,AA4,AA5, AA6	Годишно	До 31 Март секоја година
Амонијак NH_3			
Чад (ринглеманов тест)			
Јаглерод моноскид (CO)	AA7		
Азотни оксиди (NO_x) изразени како (NO_2)			
Чаден број			
Годишен извештај за животна средина	Годишно		До 31 Март секоја година
Евиденција на инциденти	Како се случуваат		Во рок од 3 (три) дена по инцидентот
Емисии во воздух и вода	Согласно табела Д2		
Отпад	Годишно		Десет дена по истекот на календарската година
Енергетска ефикасност	Годишно		Десет дена по истекот на календарската година
Потрошена вода	Годишно		Десет дена по истекот на календарската година